Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015 и 179/2017), во постапка на одобрување на Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје со адреса бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 15, Скопје, доставен со арх. бр. 09- од 30.01.2018 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-29 од 31.01.2018 година), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 21.02.2018 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**СЕ ОДОБРУВА** Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје со адреса бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 15, Скопје, доставен со арх. бр. 09- од 30.01.2018 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-29 од 31.01.2018 година).

II

Ова решение ќе се применува во рок од два дена од денот на приемот на истото.

III

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 17 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 179/2017 од 07.12.2017 година), а во врска со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015 и 179/2017), операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје до Агенцијата за електронски комуникации со допис арх. бр. 09-067 од 04.01.2018 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-29 од 05.01.2018 година) достави на одобрување Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот.

Во постапката на одобрување на доставениот Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека истиот не е усогласен во целост со одредбите од член 107 став (1) точка б), г) и д) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и членовите 2, 3, 4, 17, 20 и 21 од Правилникот за видот и содржината и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015 и 179/2017).

Заради наведените забелешки, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Решение УП1-број-1605-29 од 24.01.2018 година со кое операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје беше задолжен да го усогласи Стандардниот претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот со одредбите од Законот за електронските комуникации и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги

АЕК
Република Македонија
Агенција за електронски комуникации

објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации и во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да ги достави на одобрување до Агенцијата за електронски комуникации.

Операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје со допис арх. бр. 09- од 30.01.2018 година достави на одобрување изменета и дополнета верзија на Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот.

Во постапката на одобрување, Агенцијата за електронски комуникации констатираше дека операторот постапил по сите забелешки и дека доставениот Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот е усогласен со одредбите на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015 и 179/2017).

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 и член 107 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
УП1- број -1605-29
Скопје, 01.03. 2018 година

Изработил: д-р Славица Настеска
Раководител на одделение: Славица Поповска
Овластен од Директор
Раководител на сектор: Валентин Ѓуровски
Советник: Горан Колевски

**Директор**
Сашо Димитријоски

Доставено до: архива,оператор